Република Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка врз основа на член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија", број 130/2014 и 53/2016), член 43 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Македонија" број 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015 и 53/2016) и член 137 став (3) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016 и 71/2016) постапувајќи по жалбата на од Охрид, преку полномошник Адвокат од Охрид изјавена против Решението Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година на Градежниот инспектор при Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ, на седницата одржана на 16.06.2016 година донесе

## РЕШЕНИЕ

ЖАЛБАТА на од Охрид, преку полномошник Адвокат од Охрид изјавена против Решението Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година на Градежниот инспектор при Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ, СЕ УВАЖУВА.

Решението Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година на Градежниот инспектор при Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ, **СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно постапување.**

### *Образложение*

Градежниот инспектор при Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ (понатаму:првостепен орган), извршил инспекциски надзор на индивидуален станбен објект на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид на КП.Бр.15334 КО Охрид 3 на ден 03.12.2015 година и за утврдената состојба изготвил Записник Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година и донел решение Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година.

Со решението, му се наредува на инвеститорот со адреса на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид да ја отстрани кровната конструкција, на кровната проодна тераса на индивидуалниот станбен објект на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид на КП.Бр.15334 КО Охрид 3 за која не поседува техничка документација констатирано со записникот Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година и доведување на проодната тераса во првобитна состојба во рок од 30 (триесет) дена по приемот на ова решение. Ако остранувањето на кровната конструкција на кровната проодна тераса и доведување на проодната тераса во првобитна состојба не се изврши во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на

РМ законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со Закон, а согласно став 2 од член 51 од Уставот секој е должен да го почитува законот и уставот, согласно член 8 од Уставот на РМ темелна вредност на уставниот поредок е основните слободи и права на човекот и граѓанинот признато во меѓународното право и утврдени со Уставот и правна заштита на сопственост и согласно член 30 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Подносителот смета дека со ваква постапка бил повреден член 6 став 1 од конвенцијата бидејќи ваквата постапка би требало да биде правична постапка.

Жалителот предлага Државната комисија да ја усвои жалбата и решението да биде укинато или поништено и предметот да биде вратен на повторно одлучување со напаствија како да се разреши настанатиот проблем.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија изврши увид во комплет списите приложени кон предметот, во наводите содржани во обжаленото решение, како и во наводите содржани во жалбата и утврди дека жалба е **основана.**

Со увид во списите на предметот Државната комисија ја утврди следната фактичка состојба.

Видно од приложените списи, од Записникот од извршен инспекциски надзор Бр.08 ИП1-75 од 11.12.2015 година произлегува дека првостепениот орган извршил увид на лице место на индивидуален станбен објект на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид на КП.Бр.15334 КО Охрид 3 на ден 03.12.2015 година, по однос на предметите, 09 УПП-414 од 06.11.2015 година, известување со доставување на податоци за понатамошно поставување и Записник од извршен инспекциски надзор ИП1 бр.36-1410 од 03.10.2015 година, дневник 101/15 од одделение за инспекциски надзор – Инспекторат од Општина Охрид 08 УПП-414 од 24.11.2015 година, достава на предмет во надлежност бр.12-3004/2 од 17.11.2015 година година од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, со изготвен извештај од извршен увид на објектот ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид на КП.Бр.15334 КО Охрид 3 заверен под бр.03-2419/4 од 04.11.2015 година.

Од увидот на лице место било констатирано дека инвеститор на градбата е со адреса на живеење на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид, на денот на увидот не бил присутен и немале можност да излезат на кровна проодна тераса покриена со кровна конструкција, која била видлива од сите страни на објектот, изведена од столбови од челични профили, дрвени греди-рогови, дасчена оплата и кровен покривач од пластифициран лим. На инвеститорот му била доставена покана 09-сл од 03.12.2015 година, за доставување на целосната документација на увид од индивидуалниот станбен објект на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид на КП.Бр.15334 КО Охрид 3.

При инспекцискиот надзор се утврдило дека индивидуалниот станбен објект на ул.Аргир Маринчев бр.4 Охрид на КП.Бр.15334 КО Охрид 3 бил цврста градба и во употребна функција. Кровната проодна тераса била покриена со кровна конструкција од челични профили, дрвени греди, дасчена оплата и кровен

документација на увид од индивидуалниот станбен објект, а спорно за Државната комисија е тоа што поканата е примена на 09.12.2015 година од страна на жалителот, а инспекцискиот надзор бил извршен на ден 03.12.2015, а во истиот недостасува потписот на жалителот, поради. Дополнително, од формата на истиот може да се заклучи дека истиот е составен во службените простории на првостепениот орган без образложение за причините за тоа и без да биде доставен на потпишување до субјектот на надзорот.

Од наведеното произлегува дека постапката која претходела на донесувањето на оспореното решение не била спроведена правилно и во согласност со Законот за инспекциски надзор и од формало правен аспек е незаконита.

Од увидот во Записникот Државната комисија утврди дека во истиот не содржи целосен приказ на утврдената фактичка состојба при инспекцискиот надзор, не се наведени описни и просторни податоци за земјиштето (површина и правен статус на катастарската парцела) на кое се гради на која и се наоѓа предметната градба, не е утврдена категоријата на градбата, односно делот од градбата кој не се гради согласно со одобрението за градење, проектот и решението за локациски услови, а додека описот на градба е нејасен, поради што првостепениот нецелосно и неправилно ја утврдил фактичката состојба. Дополнитело кон записникот не приложена скица за местоположбата на градбата.

Воедно, оспореното решение не ги содржи сите елементи од член 141 од Законот за градење и тоа: ознака од дневникот на градежниот инспектор, описни и просторни податоци за земјиштето на кое се гради (површина и правен статус на катастарска парцела), опис и категорија на градбата, односно делот од градбата кој не се гради согласно со одобрението за градење, проектот и решението за локациски услови.

Исто така, Државната комисија утврди дека првостепениот орган не ја целосно не ја утврдил својата стварна надлежност заради следните причини:

Согласно, член 128 став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015 и 129/2015), работите на инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (во натамошниот текст: градежни инспектори) и градежни инспектори на општините и на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: овластени градежни инспектори), а согласно став (2) градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од прва категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора од членот 57 на овој закон. Во член 57 став (1) меѓу другото е пропишано дека градба од прва категорија се градби кои претставуваат заштитено недвижно културно наследство согласно со закон (недвижни добра, споменички целини без контактните зони и археолошки локалитети).

надзор на наведената локација, да ги прибави и изведе сите докази кои се од значење за утврдување на целосната фактичка состојба, да изготви записник со примена на одредбите од Законот за инспекциски надзор и Правилникот за формата и задолжителните елементи на записникот од извршен инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" број 165/2011), при изготвување на актот првостепениот орган треба да посвети посебно внимание за неговите конститутивни елементи утврдени од Правилникот за формата и задолжителните елементи на решение и заклучок на инспектор („Службен весник на Република Македонија", број 165/2011) и член 141 од Законот за градење и правилно да го примени материјалното право.

Согласно горенаведеното и согласно член 242 став (2) од Законот за општата управна постапка, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение е конечно во управна постапка и против него не е дозволена жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор со тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата против решението на Државната комисија не го одлага извршувањето на решението.

**Решено во Скопје на ден 16.06.2016 година, под Ип 2 бр.0805-520.**

З.С.

Доставено до:
-Архива и
- Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РМ.